Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
Republic of Macedonia
OMBUDSMAN

# ИНФОРМАЦИЈА
# ЗА СПРОВЕДЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ОДНОС НА ПРАВОТО НА ХОСПИТАЛИЗАЦИЈА НА ДЕТЕ СО ПРИДРУЖНИК

**Скопје, април 2016 година**

## ВОВЕД

Грижата за пациентот е едно од најзначајните права на системот на здравствена заштита. Правата од здравствена заштита се достапни за сите пациенти без разлика на возраста и истите во зависност од возраста ги остваруваат самостојно или со помош на родителите. Во овој контекст е и правото на хоспитализација на дете со придружба на родител при укажувањето на здравствените болнички услуги. При тоа, за достапноста на оваа здравствена услуга е определено истата да е достапна за сите подеднакво и без дискриминација.

Правниот основ за хоспитализација на дете во здравствена установа со придружник е содржан во одредбите на членот 9 став 1 алинеја (в) точка 3 од Законот за здравствено осигурување и на членот 74 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, според кои придружник на хоспитализирано дете до три годишна возраст има право на сместување и исхрана во болницата најмногу до 30 дена.

Заради согледување на состојбата и утврдување на степенот на почитување на ова право, Народниот правобранител спороведе истражување кое ги опфати здравствените установи во кои функционираат детски болнички одделенија, и тоа: ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, Градска болница „8-ми Септември“ - Скопје, Клиничка болница Битола, Клиничка болница Тетово, Клиничка болница Штип и општите болници во Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица и Гевгелија.

## КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА ПО АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И СОГЛЕДУВАЊЕТО ОД ПОСЕТИТЕ

Предмет на истражувањето беше согледување на вкупниот број на хоспитализирани деца во 2015 година, бројот на хоспитализирани деца со и без придружник, и податоци за одобрени, односно одбиени барања за придружба со мајка, односно татко. За таа цел беше подготвен Прашалник кој беше доставен до погоренаведените здравствени установи. Здравствените установи во дадениот временски рок ги доставија податоците, а во табелата што следи е прикажана збирната состојба по ова прашање во здравствените установи. Поединечните табели се во прилог на оваа Информација.

| Назив на здравствена установа | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придруж-ник** | број на хоспитализирани деца **со придруж-ник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| Општа болница Дебар | 538 | 203 | 335 | 335 | - | - | - |
| Општа болница Кавадарци | 694 | 296 | 398 | 398 | - | - | - |
| Општа болница Струмица | 893 | - | 893 | 832 | 17 и 44 со тетка и баба | - | - |
| Општа болница Велес | 1331 | 14 | 1317 | **1317** | - | - | - |
| Општа болница Куманово | 1534 | 1408 | 126 | 126 | - | - | - |
| Општа болница Кочани | 425 | 101 | 324 | 324 | - | - | - |
| Општа болница Прилеп | 1010 | - | 1010 | 1010 | - | - | - |
| Општа болница Струга | 3573 | 2160 | 1413 | 1413 | - | - | - |
| Општа болница Гостивар | 661 | 18 | 643 | 643 | - | - | - |
| Општа болница Гевгелија | 362 | - | 362 | 362 | - | - | - |
| Општа болница Кичево | 376 | - | 376 | 376 | - | - | - |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општа болница Охрид | 383 | 110 | 273 | 273 | - | - | - |
| Градска општа болница „8- ми Септември“ Скопје | 307 | 98 | 209 | 195 | 14 | - | - |
| Универзитетска клиника за детски болести Скопје | 7116 | 3530 | 3586 | 3586 | - | - | - |
| Клиничка болница Штип | 866 | - | 866 | 866 | - | - | - |
| Клиничка болница Битола | 297 | 19 | 278 | 278 | - | - | - |
| Клиничка болница Тетово | 1605 | 25 | 1580 | 1575 | 5 | - | - |
| **ВКУПНО** | **21971** | **7982** | **13989** | **13909** | **36 со татко** и **44 со тетка и баба** | | |

Од анализата на добиените податоци од означените здравствени установи, произлегува дека во текот на 2015 година вкупно биле хоспитализирани 21.971 дете. Од вкупниот број без придружба биле хоспитализирани 7.982 деца, а со придружба 13.989.

Од податоците, исто така, видно е дека најчесто придружник на детето е мајката и тоа во 13.909 случаи, а во мал број на случаи како придружник при хоспитализацијата на детето се јавува таткото - во 36 случаи и тоа во Општата болница Струмица – 17, Клиничка болница во Тетово – 5 и Градска општа болница „8 -ми Септември“ - 14 случаи на хоспитализација на дете со татко. Во 44 случаи како придружници на хоспитализирано дете во Општата болница во Струмица биле баби и тетки.

Здравствените установи од кои беа побарани податоците наведоа дека не се води посебна евиденција дали како придружник на детето при болничкото лекување се јавува мајката или таткото или пак старателот, туку се настојува да се примени одредбата 74 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено

осигурување, според која, при хоспитализација на дете до три годишна возраст трошоците за придружникот паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување, а над три годишна возраст трошоците ги сноси семејството.

Со доставувањето на податоците здравствените установи наведоа дека досега не биле одбиени барања за хоспитализација на дете со придружник, а ниту биле поднесени поплаки од родителите по овој основ.

Едновремено, заради согледување на состојбата покрај прибирањето на податоци преку Прашалник, во неколку здравствени установи беа остварени посети и беа извршени увиди во документацијата и во болничките одделенија каде што се хоспитализираат деца со придружник. Така, беа посетени општите болници во Прилеп, Кичево, Дебар, Струмица, Куманово и клиничките болници во Штип, Битола и Тетово.

Од извршените посети и увиди единствена е карактеристиката дека во горенаведените здравствени установи не постојат основни претпоставки за хоспитализирање на дете со родител/старател со различен пол, поради просторните услови. Имено, во некои болници (Клиничка болница во Битола и Општа болница во Куманово) болничките соби се од стаклена градба и воопшто не постои ниту минимална приватност на придружниците, а сите болнички соби содржат поголем број на кревети. Иста е состојбата и во Општата болница во Прилеп, каде детското одделение поради реконструкција е дислоцирано на Одделот на нервното одделение. Во Општата болница во Кичево, детското одделение функционира во пет големи соби со вкупно 36 кревети, а во Општата болница во Струмица детското одделение располага со пет простории во кои има мали и големи кревети. Во Клиничката болница Штип, детското одделение функционира во десет соби, од кои пет се двокреветни, три – трокреветни и две – четирикреветни, но со еден санитарен чвор за целото одделение.

Исклучок е Клиничката болница во Тетово, каде што на петтиот кат има посебна двокреветна болничка соба со два кревета за возрасни и два детски кревета, во кои според појаснувањата на началничката на одделението се сместуваат исклучиво деца со татко-придружник, додека во 22-те болнички соби на четвртиот кат се хоспитализираат деца со мајка како придружник.

Во овој контекст треба да се напомене дека во текот на 2015 година во рамките на детското одделение на Клиничката болница во Битола е предвидена посебна болничка соба за сместување на дете со придружник од машки пол, но се уште немало таков случај, а ниту некој родител тоа го побарал.

Покрај недостатокот на просторни капацитети на болничките соби при посетите е констатирано дека и санитарните јазли и тоалетите не овозможуваат при хоспитализацијата со детето да биде сместен родител/старател од различен пол, односно во сите здравствени установи кои беа предмет на посетите постои само по еден тоалет на болничкото одделение кој се користи од децата и од придружникот.

Во здравствените установи не се води посебна евиденција за половата структура на придружникот на хоспитализираното дете. При увидот во евиденцијата констатирано е дека не постои формална процедура за одобрување на придружник на детето при неговата хоспитализација, туку при приемот во болничкиот упат се забележува само дали детето ќе се хоспитализира со или без придружник.

Исто така, од увидот во документацијата не може да се добие јасна претстава поради  неводење на евиденција за случаи кога родител/старател од машки пол бил одбиен за придружник, ниту пак се евидентираат евентуални поплаки за попречување во остварувањето на ова право.

## КОНСТАТАЦИИ И ПРЕПОРАКИ

Од спроведувањето на ова истражување со прибирањето на податоци и извршените посети и увиди во здравствените установи може да **се констатира** следното:

1. При хоспитализација на дете во здравствената установа како придружник се јавува мајката или роднина од женски пол ( баба или тетка), а само во неколку случаи ова право е искористено од родител/старател од машки пол;

2. Просторните и хигиенско-санитарните услови во болничките одделенија не овозможуваат при хоспитализација на дете како придружник да биде присутен родител/старател од различен пол. Ваквата состојба сама по себе не упатува на дискриминација, но содржи елементи за можна индиректна дискриминација по основ на пол, односно за дискриминација на родител /старател од машки пол;

3. Во здравствените установи не се води посебна евиденција за одобрување, односно не одобрување на хоспитализација на дете со придружник и не се евидентира половата припадност на придружникот;

4. Во здравствените установи не се води прецизна евиденција дали некое лице по овој основ поднело поплака согласно одредбите на Законот за заштита на правата на пациентите;

Со цел попречување на појава на дискриминација по основ на пол, при одобрувањето на придружник на хоспитализирано дете, Народниот правобранител **препорачува:**

1. Да се преземат сите неопходни мерки во здравствените установи за обезбедување на просторни и други предуслови во одделенијата во кои се хоспитализира дете со придружник, и ова право на подеднаква основа да го користи родител/старател без разлика на полот;

2. Да се обезбедат потребни услови за сместување на родител/старател со дете во посебни соби опремени со потребните хигиено санитарни капацитети;

3. Задолжително да се води посебна евиденција за поднесени и одобрени барања за хоспитализација на дете со придружник, при што да се евидентира и половата припадност на придружникот и роднинската врска со детето;

4. Да се овозможи на родителот/старателот да поднесе поплака и да се обезбеди соодветно постапувањето по истата. Законот за заштита на правата на пациентите да е достапен на болничкото одделение, а секоја поплака

задолжително да се евидентира и по истата да се постапува според уреденото со Законот.

Прилог: Табеларен преглед на одговорите на здравствените установи

## ЈЗУ Општа болница Охрид

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 21 | 3 | 18 | 18 | / | / | / |
| февруари | 51 | 6 | 45 | 45 | / | / | / |
| март | 41 | 13 | 28 | 28 | / | / | / |
| април | 35 | 15 | 20 | 20 | / | / | / |
| мај | 33 | 15 | 18 | 18 | / | / | / |
| Јуни | 34 | 11 | 23 | 23 | / | / | / |
| јули | 22 | 9 | 13 | 13 | / | / | / |
| август | 21 | 3 | 18 | 18 | / | / | / |
| септември | 32 | 5 | 27 | 27 | / | / | / |
| октомври | 16 | 4 | 12 | 12 | / | / | / |
| ноември | 43 | 17 | 26 | 26 | / | / | / |
| декември | 34 | 9 | 25 | 25 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 383 | 110 | 273 | 273 | / | / | / |

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 55 | / | 55 | / | / | / | / |
| февруари | 52 | / | 52 | / | / | / | / |
| март | 27 | / | 27 | / | / | / | / |
| април | 22 | / | 22 | / | / | / | / |
| мај | 20 | / | 20 | / | / | / | / |
| Јуни | 17 | / | 17 | / | / | / | / |
| јули | 27 | / | 27 | / | / | / | / |
| август | 30 | / | 30 | / | / | / | / |
| септември | 23 | / | 23 | / | / | / | / |
| октомври | 21 | / | 21 | / | / | / | / |
| ноември | 25 | / | 25 | / | / | / | / |
| декември | 32 | / | 32 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 362 | / | 362 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Општа болница Гевгелија сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 85 | / | 85 | 85 | / | / | / |
| февруари | 73 | / | 73 | 73 | / | / | / |
| март | 55 | / | 55 | 55 | / | / | / |
| април | 39 | / | 39 | 39 | / | / | / |
| мај | 34 | / | 34 | 34 | / | / | / |
| Јуни | 14 | / | 14 | 14 | / | / | / |
| јули | 12 | / | 12 | 12 | / | / | / |
| август | 8 | / | 8 | 8 | / | / | / |
| септември | 14 | / | 14 | 14 | / | / | / |
| октомври | 8 | / | 8 | 8 | / | / | / |
| ноември | 4 | / | 4 | 4 | / | / | / |
| декември | 29 | / | 29 | 29 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 376 | / | 376 | 376 | / | / | / |

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 337 | / | 163 | / | / | / | / |
| февруари | 333 | / | 181 | / | / | / | / |
| март | 308 | / | 133 | / | / | / | / |
| април | 304 | / | 115 | / | / | / | / |
| мај | 255 | / | 111 | / | / | / | / |
| Јуни | 199 | / | 75 | / | / | / | / |
| јули | 408 | / | 73 | / | / | / | / |
| август | 631 | / | 114 | / | / | / | / |
| септември | 229 | / | 87 | / | / | / | / |
| октомври | 176 | / | 81 | / | / | / | / |
| ноември | 230 | / | 117 | / | / | / | / |
| декември | 163 | / | 163 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 3573 | / | 1413 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Општа болница Струга сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 52 | 13 | 39 | / | / | / | / |
| февруари | 55 | 8 | 47 | / | / | / | / |
| март | 65 | 19 | 46 | / | / | / | / |
| април | 32 | 8 | 24 | / | / | / | / |
| мај | 28 | 4 | 24 | / | / | / | / |
| Јуни | 23 | 4 | 19 | / | / | / | / |
| јули | 19 | 10 | 9 | / | / | / | / |
| август | 16 | 5 | 11 | / | / | / | / |
| септември | 33 | 6 | 27 | / | / | / | / |
| октомври | 27 | 7 | 20 | / | / | / | / |
| ноември | 30 | 7 | 23 | / | / | / | / |
| декември | 45 | 10 | 35 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 425 | 101 | 324 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Општа болница Кочани сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 151 | 4 | 147 | 147 | / | / | / |
| февруари | 127 | 2 | 125 | 124 | 1 | / | / |
| март | 188 | 1 | 187 | 185 | 2 | / | / |
| април | 143 | 3 | 140 | 140 | / | / | / |
| мај | 132 | 1 | 131 | 131 | / | / | / |
| Јуни | 117 | 3 | 114 | 114 | / | / | / |
| јули | 113 | 2 | 111 | 111 | / | / | / |
| август | 184 | 2 | 182 | 182 | / | / | / |
| септември | 139 | 2 | 137 | 137 | / | / | / |
| октомври | 116 | 2 | 114 | 114 | / | / | / |
| ноември | 92 | / | 92 | 90 | 2 | / | / |
| декември | 103 | 3 | 100 | 100 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 1605 | 25 | 1580 | 1575 | 5 | / | / |

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 119 | / | 119 | / | / | / | / |
| февруари | 94 | / | 94 | / | / | / | / |
| март | 110 | / | 110 | / | / | / | / |
| април | 89 | / | 89 | / | / | / | / |
| мај | 62 | / | 62 | / | / | / | / |
| Јуни | 66 | / | 66 | / | / | / | / |
| јули | 78 | / | 78 | / | / | / | / |
| август | 64 | / | 64 | / | / | / | / |
| септември | 70 | / | 70 | / | / | / | / |
| октомври | 101 | / | 101 | / | / | / | / |
| ноември | 66 | / | 66 | / | / | / | / |
| декември | 81 | / | 81 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 1010 | / | 1010 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Општа болница Прилеп сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 42 | 4 | 38 | / | / | / | / |
| февруари | 49 | 6 | 43 | / | / | / | / |
| март | 27 | / | 27 | / | / | / | / |
| април | 22 | 1 | 21 | / | / | / | / |
| мај | 25 | / | 25 | / | / | / | / |
| Јуни | 18 | / | 18 | / | / | / | / |
| јули | 12 | 1 | 11 | / | / | / | / |
| август | 12 | 1 | 11 | / | / | / | / |
| септември | 15 | 1 | 14 | / | / | / | / |
| октомври | 31 | 2 | 29 | / | / | / | / |
| ноември | 17 | / | 17 | / | / | / | / |
| декември | 27 | 3 | 24 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 297 | 19 | 278 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Клиничка болница Битола сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 206 | 202 | 4 | 4 | / | / | / |
| февруари | 147 | 140 | 7 | 7 | / | / | / |
| март | 169 | 156 | 13 | 13 | / | / | / |
| април | 94 | 76 | 18 | 18 | / | / | / |
| мај | 126 | 108 | 18 | 18 | / | / | / |
| Јуни | 86 | 78 | 8 | 8 | / | / | / |
| јули | 77 | 66 | 10 | 10 | / | / | / |
| август | 67 | 61 | 6 | 6 | / | / | / |
| септември | 117 | 102 | 15 | 15 | / | / | / |
| октомври | 120 | 116 | 4 | 4 | / | / | / |
| ноември | 140 | 133 | 7 | 7 | / | / | / |
| декември | 185 | 169 | 16 | 16 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 1534 | 1408 | 126 | 126 | / | / | / |

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 123 | 1 | 122 | / | / | / | / |
| февруари | 161 | / | 161 | / | / | / | / |
| март | 146 | 3 | 143 | / | / | / | / |
| април | 98 | / | 98 | / | / | / | / |
| мај | 140 | / | 140 | / | / | / | / |
| Јуни | 120 | 4 | 116 | / | / | / | / |
| јули | 110 | / | 110 | / | / | / | / |
| август | 115 | / | 115 | / | / | / | / |
| септември | 84 | 1 | 83 | / | / | / | / |
| октомври | 79 | 2 | 77 | / | / | / | / |
| ноември | 60 | 2 | 58 | / | / | / | / |
| декември | 95 | 1 | 94 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 1331 | 14 | 1317 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Општа болница Велес сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015<br><br>година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 39 | 10 | 29 | 29 | / | / | / |
| февруари | 50 | 17 | 33 | 33 | / | / | / |
| март | 33 | 13 | 20 | 20 | / | / | / |
| април | 26 | 8 | 18 | 18 | / | / | / |
| мај | 33 | 9 | 24 | 24 | / | / | / |
| Јуни | 40 | 9 | 31 | 31 | / | / | / |
| јули | 52 | 18 | 34 | 34 | / | / | / |
| август | 117 | 59 | 58 | 58 | / | / | / |
| септември | 58 | 21 | 37 | 37 | / | / | / |
| октомври | 35 | 13 | 22 | 22 | / | / | / |
| ноември | 26 | 12 | 14 | 14 | / | / | / |
| декември | 29 | 14 | 15 | 15 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 538 | 203 | 335 | 335 | / | / | / |

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 72 | 19 | 53 | / | / | / | / |
| февруари | 82 | 32 | 50 | / | / | / | / |
| март | 82 | 37 | 45 | / | / | / | / |
| април | 61 | 29 | 32 | / | / | / | / |
| мај | 6 | 29 | 33 | / | / | / | / |
| Јуни | 47 | 18 | 29 | / | / | / | / |
| јули | 41 | 25 | 16 | / | / | / | / |
| август | 68 | 27 | 41 | / | / | / | / |
| септември | 47 | 20 | 27 | / | / | / | / |
| октомври | 47 | 20 | 27 | / | / | / | / |
| ноември | 46 | 21 | 25 | / | / | / | / |
| декември | 39 | 19 | 20 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 694 | 296 | 398 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Општа болница Кавадарци сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | тетка/ баба | мајка | татко |
| јануари | 148 | / | 148 | 145 | 3 | / | / | / |
| февруари | 98 | / | 98 | 93 | 1 | 4 | / | / |
| март | 104 | / | 104 | 95 | 2 | 7 | / | / |
| април | 93 | / | 93 | 89 | / | 4 | / | / |
| мај | 73 | / | 73 | 64 | 2 | 7 | / | / |
| Јуни | 57 | / | 57 | 54 | 1 | 2 | / | / |
| јули | 37 | / | 37 | 34 | / | 3 | / | / |
| август | 60 | / | 60 | 53 | 2 | 5 | / | / |
| септември | 60 | / | 60 | 55 | 2 | 3 | / | / |
| октомври | 55 | / | 55 | 50 | 1 | 4 | / | / |
| ноември | 60 | / | 60 | 56 | 2 | 2 | / | / |
| декември | 48 | / | 48 | 44 | 1 | 3 | / | / |
| **ВКУПНО** | 893 | / | 893 | 832 | 17 | 44 | / | / |

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 79 | / | 79 | 79 | / | / | / |
| февруари | 89 | / | 89 | 89 | / | / | / |
| март | 104 | / | 104 | 104 | / | / | / |
| април | 68 | / | 68 | 68 | / | / | / |
| мај | 62 | / | 62 | 62 | / | / | / |
| Јуни | 73 | / | 73 | 73 | / | / | / |
| јули | 61 | / | 61 | 61 | / | / | / |
| август | 69 | / | 69 | 69 | / | / | / |
| септември | 57 | / | 57 | 57 | / | / | / |
| октомври | 81 | / | 81 | 81 | / | / | / |
| ноември | 62 | / | 62 | 62 | / | / | / |
| декември | 61 | / | 61 | 61 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 866 | / | 866 | 866 | / | / | / |

| за 2015<br>година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 78 | 2 | / | / | / | / | / |
| февруари | 42 | 3 | / | / | / | / | / |
| март | 41 | / | / | / | / | / | / |
| април | 47 | 1 | / | / | / | / | / |
| мај | 59 | 2 | / | / | / | / | / |
| Јуни | 42 | 2 | / | / | / | / | / |
| јули | 35 | 1 | / | / | / | / | / |
| август | 38 | 1 | / | / | / | / | / |
| септември | 69 | 2 | / | / | / | / | / |
| октомври | 68 | 3 | / | / | / | / | / |
| ноември | 62 | 2 | / | / | / | / | / |
| декември | 80 | / | / | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 661 | 18 | 643 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Општа болница Гостивар сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 602 | 259 | 333 | / | / | / | / |
| февруари | 670 | 331 | 339 | / | / | / | / |
| март | 623 | 281 | 342 | / | / | / | / |
| април | 577 | 267 | 310 | / | / | / | / |
| мај | 572 | 331 | 241 | / | / | / | / |
| Јуни | 667 | 324 | 343 | / | / | / | / |
| јули | 499 | 247 | 252 | / | / | / | / |
| август | 495 | 257 | 238 | / | / | / | / |
| септември | 591 | 275 | 316 | / | / | / | / |
| октомври | 614 | 323 | 291 | / | / | / | / |
| ноември | 588 | 314 | 274 | / | / | / | / |
| декември | 618 | 311 | 307 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 7116 | 3530 | 3586 | / | / | / | / |

**Напомена:** од вкупниот број хоспитализирани деца со придружник во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје сите биле со придружба од страна на мајката.

| за 2015 година | **вкупен број** на хоспитализирани деца | број на хоспитализирани деца **без придружник** | број на хоспитализирани деца **со придружник** | број на **одобрени** барања за придружба при хоспитализација на деца | | број на **одбиени** барања за придружба при хоспитализација на деца | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | мајка | татко | мајка | татко |
| јануари | 27 | 11 | 16 | 12 | 4 | / | / |
| февруари | 29 | 11 | 18 | 18 | / | / | / |
| март | 28 | 9 | 19 | 18 | 1 | / | / |
| април | 29 | 6 | 23 | 21 | 2 | / | / |
| мај | 36 | 9 | 27 | 25 | 2 | / | / |
| Јуни | 25 | 2 | 23 | 21 | 2 | / | / |
| јули | 5 | 4 | 1 | 1 | / | / | / |
| август | 13 | 9 | 4 | 4 | / | / | / |
| септември | 35 | 13 | 22 | 22 | / | / | / |
| октомври | 27 | 9 | 18 | 16 | 2 | / | / |
| ноември | 25 | 8 | 17 | 16 | 1 | / | / |
| декември | 28 | 7 | 21 | 21 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 307 | 98 | 209 | 195 | 14 | / | / |